Врз основа на член 20 од Статутот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и член 14 од Деловникот за работа на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Управниот одбор на Друштвото на состанокот одржан на 06.06.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на висина и критериумите за објавување на конкурс за доделување стипендии за најдобрите студенти на техничките факултети за студиската 2022/2023 година за студенти запишани за прв пат

1. Конкурсите за доделување на стипендии за студиската 2022/2023 година за студенти запишани за прв пат во прв или трет семестар согласно со точка 2 и 3 од Одлуката за започнување постапка за доделување нови стипендии од АД ЕСМ-Скопје за студиската 2022/2023 година УО бр.02-3280/431/3 од 05.06.2023 година, ќе се распишат на следните факултети и соодветни студиски програми:

**1.1.Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

- Факултет за електротехнички науки и информатички технологии - Скопје (студиски програми: Електроенергетика, Автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ), Електроенергетски системи (ЕЕС) и Електроенергетика, управување и менаџмент (ЕЕУМ);
- Машински Факултет -Скопје;

**1.2.Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола**

- Технички Факултет - Битола;

**1.3. Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**

- Електротехнички Факултет - Штип;
- Факултет за природни и технички науки Штип (студиски програми: Рударство, Геологија и Инженерство за заштита на животна средина;

**1.4. Државен Универзитет - Тетово.**

2. Право на учество имаат сите запишани студенти кои ги исполнуваат следните критериуми:

- да е редовен студент запишан на прв циклус студии по прв пат во прв или трет семестар во студиска 2022/2023 година;
- просечната оценка на студентот (до датумот на аплицирање) да не е помала од 8.0;
- студентот да не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- студентот да е државјанин на Република Северна Македонија;

3. Селекцијата на заинтересираните кандидати за остварување право на стипендија ќе биде направена врз основа на остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, освоените поени при упис на факултет и резултатите од реализираното интервју, кое ќе го врши комисија составена од два

претставници од АД ЕСМ-Скопје и еден претставник од факултетот согласно следната методологија:

- освоени поени од остварениот просечен успех на студентот до датумот на аплицирање, најмногу 70 поени.
- освоените поени при упис на факултетот, најмногу 25 поени.
- резултати од реализираното интервју, најмногу 5 поени.

Вкупниот број на освоени поени е максимум 100 и се пресметува со помош на следната формула:

$$\text{Освоени поени} = \frac{\text{Прос. успех на студентот x 70}}{10} + \frac{\text{Поени при упис на факултет x 25}}{\text{Максимален број на поени при упис}} + \text{Поени од интервју}$$

4. Висината на стипендијата изнесува 8.000,00 денари месечно и ќе се доделува за времетраење од 10 (десет) месеци годишно, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските од страна на студентите пропишани со Договорот за стипендирање.

5. Со избраниот кандидат ќе се потпише Договор за стипендирање.

6. Кандидатите на кои ќе им биде доделена стипендија имаат обврска студиската година да ја завршат во редовен рок и со просек не помал од 8,00, во спротивно, стипендистот го губи правото на стипендија и се обврзува да го врати примениот износ на компанијата со која го склучил Договорот за стипендирање и други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

7. Потпишувањето и реализирањето на Договорите со кандидатите кои ќе бидат селектирани на конкурсот за доделување на стипендии, ќе биде следено од членовите на соодветните комисии.

8. Членовите на комисијата ќе им ги продолжат договорите за стипендирање на сите студенти кои ќе ги исполнат условите и критериумите (утврдени како за студиската 2022/2023 година) и со тоа ќе се стекнат со право за продолжување на стипендирање во наредните студентски години (2023/2024, 2024/2024 и др.).

9.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

**УО бр. 02-3280/431/3.1**
**06.06.2023 година**
**Скопје**

**Претседател,**
**Васко Стефанов**

Изработил:И.Ј.Џикоски
Одобрил:Б.Николова